**Акциски план со краткорочни мерки за чист воздух за период ноември 2025 – март 2026 година**

Со цел намалување на загадувањето на воздухот особено во период ноември - март, кога според направените анализи е најкритична состојбата со зголемени концентрации на загадувачки супстанции, Работната Група за чист воздух изработи, а Владата го усвои, Акцискиот план за чист воздух за грејната сезона 2025 – 2026. Во него се проектирани краткорочни превентивни мерки штоќе овозможат редукција на емисиите од детектираните сектори што имаат најголем придонес во зголемувањето на емисиите на цврсти честички, а со тоа и високите концентрации, што ги надминуваат пропишаните стандарди.

Акцискиот план е изработен од страна на Работната Група за чист воздух, формирана од преставници на релевантните сектори во Министерството за животна средина и просторно планирање/Управа за животна средина и усогласен со релевантните институции. Планот е структуриран на начин на кој ги одразува главните извори на загадување на воздухот и соодветно предлага активности/мерки за намалување на загадувањето на воздухот, за кои се дефинира индикативна временска рамка за спроведување. Исто така, се дефинира и надлежната институција за спроведување на активноста/мерката. Мерките во акцискиот план се краткорочни, по сектори за период 2024-2025 година.

| Број | Активност | Цел | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| 1 | Правилно користење на огревно дрво (домашно греење):<br><br>-да се користи само огревно дрво со прегревање/сушење пред ложење,<br>- да не се употребува пластика, гума, обработено дрво, отпадни материјали<br><br>Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Национални шуми„ П.О.-Скопје во соработка со Министерството за животната средина и просторно планирање да ја информира пошироката јавност за начинот на користење на домашно греење | Сушењето ја намалува влагата присутна во огревното дрво, го подобрува согорувањето<br><br>Намалување на емисии на загадувачки супстанци во воздух | Министерство за животна средина и просторно планирање<br><br>Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Национални шуми„ П.О.-Скопје |
| 2 | Сите на терен 1:<br><br>Вонредни инспекциски надзори на инсталации со А-Интегрирана еколошка дозвола | Контрола на емисиите во воздух од стационарни извори со цел проверка на усогласеност со Гранични вредности на емисија<br><br>Контрола на фреквенција на мерења и стандардните методи на лабораториските мерења. | Државен инспекторат за животна средина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Опомени и казнување за неправилно горење масло, пластика и други опасни материи | |
| 3 | Сите на терен 2:<br><br>Вонредни инспекциски надзори на терен за контрола на инсталции со Б-Интегирана еколошка дозвола и Елаборати за заштита на животна средина | Контрола на емисиите во воздух од стационарни извори со цел проверка на усогласеност со Гранични вредности на емисии<br><br>Казнувања и опомени за горење гуми, масло, пластика и други опасни материи<br><br>Подигнување на јавната свест за неправилно горење на опасни материи<br><br>Намалување на емисии на загадувачки супстанци | Државен инспекторат за животна средина<br><br>Овластени инспектори за животна средина во рамките на Општините и Градот Скопје |
| 4 | Инсталациите со континуиран мониторинг да овозможат јавен пристап на измерените податоци | Транспарентно прикажување на податоците од континуиран мониторинг во реално време при времетраење на епизодите со алармантно загадување на воздухот. | Министерство за животна средина и просторно планирање<br><br>Инсталации со А-Интегрирана еколошка дозвола |
| 5 | Вонредни контроли на станиците за технички преглед на возила, со цел да се утврди дали се спроведува мерење на емисија на издувни гасови | Намалување на емисии на загадувачки супстанци | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини<br>Станици за технички преглед |
| 6 | Вонредни контрола на техничка исправност на возилата, особено за оние со дизел горива и нерегистрирани возила | Намалување на емисии на загадувачки супстанци од сообраќајот<br><br>Отстранување на возила од сообраќајот кои се нерегистрирани или чии емисии на издувни гасови не задоволуваат пропишаните стандарди | Министерство за внатрешни работи -<br>Сообраќајна полиција |
| 7 | Редовно чистење на атмосферските шахти, метење и миење на улици и тротоари | Намалување на емисии на загадувачки супстанци од ресуспензија | Јавни претпријатија за комунална дејност на Општините и Градот Скопје |
| 8 | Вонредни контроли на градилишта | Намалување на емисии на загадувачки супстанци | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам<br><br>Надлежни општински инспектори за урбанизам и градежништво |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9 | Контрола на оџаци | Намалување на емисии на загадувачки супстанци<br><br>Согласно одредбите на Правилникот за одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништа-котли за парно греење на објектите, како и во индустриски и и занаетчиски постројки (Службен весник на РМ, бр. 146 од 08.11.2010 година) | Дирекција за заштита и спасување (Подрачни единици) |
| 10 | Подготовка и усвојување на краткорочни акциски планови согласно член 27-а од Законот за квалитет на амбиентен воздух | Да подготват и усвојат краткорочни акциски планови со цел да стапат на сила при прогласување на алармантна состојба | Град Скопје, Велес, Битола, Кичево, Тетово, Гостивар, Кавадарци, Струмица, Прилеп, Охрид, Гевгелија, Куманово, Кочани<br><br>Општините се идентификувани во Листите на зони и агломерации обајвени на веб страната на Министерство за животна средина и просторно планирање (https://www.moepp.gov.mk/dokumenti/lista-soglasno-zakon-za-kvalitet-na-vozdukh) |
| 11 | Строга забрана на горење на отворено | Намалување на емисии на загадувачки супстанци | Општините и градот Скопје Државен инспекторат за животна средина |